# МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 29-а став 4 од Законот за средното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13), министерот за образование и наука донесе.

## П Р А В И Л Н И К ЗА НАЧИНОТ И ПОДРАЧЈАТА ЗА ВРШЕЊЕТО НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот и подрачјата за вршењето на самоеваулацијата на средните училишта (во натамошниот текст: училиштата).

Член 2

Самоевалуацијата на училиштата ги опфаќа следниве подрачја: - наставни планови и програми, - постигања на учениците, - учење и настава, - поддршка на учениците, - училишна клима, - ресурси и - управување, раководење и креирање политики.

Член 3

Самоевалуацијата училиштето ја спроведува во три фази: - подготвителна фаза, - фаза на реализација и - фаза на известување и усвојување.

Член 4

Во подготвителната фаза се врши определување на методите, техниките и инструментите за самоевалуација, се прибираат и групираат податоците за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата на училиштата . Во фазата на реализација се врши анализирање на податоците и документацијата, се добиваат и усогласуваат добиените наоди, се подготвуваат поединечни извештаи за самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација. Во фазата на известување и усвојување се обезбедува достапност на нацрт извештајот на наставничкиот совет, советот на родители, учениците, директорот на училиштето и училишниот одбор кои можат да достават забелешки на нацрт извештајот, во писмена форма, по што се изготвува извештај за самоеваулацијата. Извештајот од самоеваулацијата се објавува на веб страницата на училиштето и на општината.

Член 5

Самоеваулацијата се спроведува на крајот на секоја втора наставна година.

Член 6

Вршењето на самоеваулацијата не влијае на реализацијата на воспитно - образовната работа во училиштето.

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија". Бр. 11-7404/3 15 јануари 2014 година Министер, Скопје Спиро Ристовски, с.р.